Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2023 година**

Се објавува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2023 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 34. седница, одржана на 13.3.2024 година.

Бр. 09-1449/33
13.3.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19;1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 34. седница, одржана на 13.3.2024 година, усвои

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**на Општина Центар-Скопје за 2023 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2023 година.

**Член 2**

Составен дел на Годишниот извештај се:
- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

**Член 3**

Овој Годишен извештај стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-1449/32
13.3.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска

**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

**Предлагач: Градоначалник на Општина Центар-Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ за 2023 година

**март 2024, Скопје**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2023 ГОДИНА

Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2023 година го сочинува:

I. Годишна - Завршна сметка
   Образложение за Годишната сметка
II. Извештај за реализацијата на инвестициските програми, капиталните и блок-дотациите
III. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
IV. Годишен извештај за користењето на резервите
V. Извештај за состојбата на жиро-сметките заклучно со 31.12.2023 година
VI. Извештај од одговорниот сметководител

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11, 192/15, 209/18, 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 26 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06), Советот на Општина Центар-Скопје на __-та седница, одржана на __.3.2024 година, усвои

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## на Општина Центар-Скопје за 2023 година

### Член 1

Се усвојува Годишниот извештај на Општина Центар-Скопје за 2023 година.

### Член 2

Составен дел на Годишниот извештај се:
- Годишна (завршна) сметка на Буџетот на Општина Центар-Скопје
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност
- Извештај за реализацијата на инвестиционите, капиталните и блок-дотациите
- Извештај за користење на средствата од тековната и од постојаната резерва
- Извештај од одговорниот сметководител со кој се потврдуваат точноста и веродостојноста на Годишната сметка

### Член 3

Овој Годишен извештај влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-_____/__
__.3.2024 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
Претседател
Виолета Велковска

# I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ГОДИШНАТА (ЗАВРШНАТА) СМЕТКА

Врз основа на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18; и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), општините имаат обврска да подготват и да достават Годишна сметка (Завршна сметка) за извршувањето на Буџетот на Општината.

**Во Годишната сметка на Општината се прикажани вкупните планирани приходи и расходи на годишно ниво и нивната реализација за периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година.** Во овој фискален период се остварени приходи и други приливи и реализирани се расходи и други одливи, како што следува подолу:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | Реализирани расходи |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Основен буџет | 740.132.000,00 | 694.403.192,00 | 613.660.465,00 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 55.050.000,00 | 48.669.608,00 | 45.536.894,00 |
| Буџет на дотации | 446.064.000,00 | 444.152.655,00 | 442.632.730,00 |
| Буџет на донации | 13.242.000,00 | 8.113.108,00 | 5.901.095,00 |
| Буџет на кредити | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **Вкупно** | **1.254.488.000,00** | **1.195.338.563,00** | **1.107.731.184,00** |

Од вкупно планираните приходи во износ од 1.254.488.000,00 денари, во периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година реализирани се **1.195.338.563,00** денари, што претставува 95,3% во однос на планираното и тоа:

| ВКУПЕН БУЏЕТ | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Основен буџет | 740.132.000,00 | 694.403.192,00 | 93,8 | 58,09 |
| Буџет на самофинансирачки активности | 55.050.000,00 | 48.669.608,00 | 88,4 | 4,07 |
| Буџет на дотации | 446.064.000,00 | 444.152.655,00 | 99,6 | 37,16 |
| Буџет на донации | 13.242.000,00 | 8.113.108,00 | 61,3 | 0,68 |
| Буџет на кредити | 0,00 | 0,00 | | |
| Вкупно | 1.254.488.000,00 | 1.195.338.563,00 | 95,3 | 100,00 |
| Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 0,00 | | |
| **Вкупно** | **1.254.488.000,00** | **1.195.338.563,00** | **95,3** | |

Реализираните приходи по категории се прикажани во следната табела, при што најголемо учество во вкупните приходи имаат трансферите и донациите (48,5%), потоа се даночните приходи (44,6%) и неданочните приходи (4,9%).

| ВКУПЕН БУЏЕТ (Приходи) | План | Реализирани приходи | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 567.953.000,00 | 533.205.020,00 | 93,9 | 44,61 |
| Неданочни приходи | 72.870.000,00 | 59.064.005,00 | 81,1 | 4,94 |
| Капитални приходи | 23.220.000,00 | 22.724.136,00 | 97,9 | 1,90 |
| Трансфери и донации | 590.445.000,00 | 580.345.402,00 | 98,3 | 48,55 |
| Домашно задолжување | 0,00 | 0,00 | | - |
| Потрошен вишок на приходи од претходни години | | 0,00 | | |
| **Вкупно** | **1.254.488.000,00** | **1.195.338.563,00** | **95,3** | **100,0** |

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните приходи во износ од 740.132.000,00 денари, во периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година реализирани се 694.403.192,00 денари, што претставува 93,8% од планираните приходи. Планирањето на одредени видови приходи се базира врз историски показатели и како резултат на тоа некои видови приходи се преценети, а некои се потценети, односно реализацијата е поголема или помала од планираното. Реализацијата на приходите во Основниот буџет на ниво на ставки е следна:

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 26.740.000,00 | 28.119.256,00 | 105,2 | 3,96 |
| 713 | Даноци на имот | 228.500.000,00 | 218.463.282,00 | 95,6 | 30,78 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 311.863.000,00 | 285.759.298,00 | 91,6 | 40,26 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење дејност | 850.000,00 | 863.184,00 | 101,6 | 0,12 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 1.820.000,00 | 1.355.123,00 | 74,5 | 0,19 |
| 723 | Такси и надоместоци | 1.000.000,00 | 854.689,00 | 85,5 | 0,12 |
| 724 | Други владини услуги | 0,00 | 0,00 | | |
| 725 | Други неданочни приходи | 15.000.000,00 | 8.184.585,00 | 54,6 | 1,15 |
| 731 | Продажба на капитални средства | 0,00 | 0,00 | | |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 23.220.000,00 | 22.724.136,00 | 97,9 | 3,20 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 131.139.000,00 | 128.079.639,00 | 97,7 | 18,44 |
| | **Вкупно** | **740.132.000,00** | **694.403.192,00** | **93,8** | **100,0** |

Најголемо учество во вкупно остварените приходи имаат даноците на специфични услуги со 40,3% учество, даноците на имот имаат 30,8% учество, а со 18,4% учество се приходите по основа на трансфери од други нивоа на власт. Во оваа ставка на приходи, во согласност со дадените насоки од Министерството за финансии, вкалкулирани се и приходите што Општина Центар ги доби на крајот на 2023 година од Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за млади и спорт на посебни наменски сметки за реализација на четири проекти: реконструкција на ул. „Светозар Марковиќ" со крак (22.765.000,00 денари), реконструкција на ул. „Дебарца" (18.635.000,00 денари), хортикултурно и партерно уредување во н. Капиштец (24.780.000,00 денари) и реконструкција на спортската сала „Работнички" (30.000.000,00 денари).

Приходите во **Буџетот на самофинансирачки активности** се приходи што ги остваруваат буџетските корисници на Општина Центар, односно основните училишта и детските градинки, а се однесуваат на надоместоците за оброци во училиштата и во градинките, за целодневна и за претшколска грижа и приходи од издавање под закуп на училиштен простор. Во буџетската 2023 година по оваа основа реализирани се приходи во вкупен износ од 48.669.608,00 денари, што претставува 88,4% од планираните приходи.

| | БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 721 | Претприемачки приход и приход од имот | 0,00 | 1.490,00 | - | 0,00 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 0,00 | 31.571,00 | - | 0,06 |
| 723 | Такси и надоместоци | 55.000.000,00 | 48.511.120,00 | 88,2 | 99,67 |
| 724 | Други владини услуги | 0,00 | 1.402,00 | | 0,00 |
| 725 | Други неданочни приходи | 50.000,00 | 124.025,00 | 248,1 | 0,25 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 0,00 | 0,00 | | |
| | **Вкупно** | **55.050.000,00** | **48.669.608,00** | **88,4** | **100,0** |

Во **Буџетот на дотации** приходите пристигнуваат месечно по однапред утврдена динамика од Министерството за образование и наука и од Министерството за труд и социјална политика. Од вкупно планираните приходи во износ од 446.064.000,00 денари, до 31.12.2023 година реализирани се 444.152.655,00 денари, што претставува 99,6% од вкупно планираните приходи за 2023 година.

Во 2023 година во **Буџетот на донации** од вкупно планираните приходи во износ од 13.242.000,00 денари, реализирани се 8.113.563,00 денари, што претставува 61,3% од вкупно планираните приходи. Овие приходи се реализирани по основа на договори за донаторско финансирање на буџетските единки корисници на Општина Центар (училишта и градинки).

Во **Буџетот на кредити** во 2023 година не се реализирани приливи.

**Вкупните расходи** во Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2023 година, со кои се финансираат законски утврдените надлежности на Општината, реализирани се во вкупен износ од **1.107.731.184,00 денари**, што претставува 88,3% реализација од планираното (1.254.488.000,00 денари).

Во **Основниот буџет** на Општината од планираните расходи во износ од 740.132.000,00 денари, во периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, реализирани се 613.660.465,00 денари, што претставува 82,9% од планираните расходи.

| | ОСНОВЕН БУЏЕТ | План | Реализација | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНО-ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **423.692.000,00** | **345.176.787,00** | **81,47** | **56,25** |
| 401 | Основни плати | 54.225.000,00 | 50.433.874,00 | 93,01 | 8,22 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 20.747.000,00 | 19.384.189,00 | 93,43 | 3,16 |
| 404 | Надоместоци | 8.175.000,00 | 7.730.314,00 | 94,56 | 1,26 |
| 412 | Постојана резерва | 1.000.000,00 | 500.000,00 | 50,00 | 0,08 |
| 413 | Тековна резерва | 200.000,00 | 96.666,00 | 48,33 | 0,02 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 1.300.000,00 | 2.740,00 | 0,21 | |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 59.025.000,00 | 48.120.843,00 | 81,53 | 7,84 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 6.650.000,00 | 4.821.629,00 | 72,51 | 0,79 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 37.650.000,00 | 29.862.862,00 | 79,32 | 4,87 |
| 425 | Договорни услуги | 42.137.000,00 | 27.891.741,00 | 66,19 | 4,55 |
| 426 | Други тековни расходи | 10.383.000,00 | 6.735.037,00 | 64,87 | 1,10 |
| 427 | Привремени вработувања | 23.250.000,00 | 22.694.613,00 | 97,61 | 3,70 |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 8.500.000,00 | 7.585.288,00 | 89,24 | 1,24 |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 10.000.000,00 | 10.000.000,00 | 100,00 | 1,63 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 18.000.000,00 | 17.982.778,00 | 99,90 | 2,93 |
| 464 | Разни трансфери | 46.350.000,00 | 43.279.536,00 | 93,38 | 7,05 |
| 471 | Социјални надоместоци | 6.000.000,00 | 5.677.851,00 | 94,63 | 0,93 |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 70.100.000,00 | 42.376.826,00 | 60,45 | 6,91 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **316.440.000,00** | **268.483.678,00** | **84,85** | **43,75** |
| 480 | Купување опрема и машини | 5.000.000,00 | 4.800.008,00 | 96,00 | 0,78 |
| 481 | Градежни објекти | 160.080.000,00 | 151.009.314,00 | 94,33 | 24,61 |
| 482 | Други градежни објекти | 107.680.000,00 | 79.270.301,00 | 73,62 | 12,92 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 36.500.000,00 | 26.227.125,00 | 71,86 | 4,27 |
| 486 | Купување возила | 7.180.000,00 | 7.176.930,00 | 99,96 | 1,17 |
| | Вкупно | [redacted] | [redacted] | [redacted] | [redacted] |

Подредени по потпрограми, реализацијата на расходите е следна:

Во Потпрограмата **А00 – Совет на Општината** планирани се расходи во износ од 87.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 57.421.451,00 денари, што претставува 65,6% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Трошоците

во оваа Потпрограма се однесуваат на надоместоците за советниците во Советот на Општина Центар-Скопје, телефоните, средствата за доделување на наградата „Феникс", исплатата на каматата и на главнината за кредитното задолжување во Комерцијална банка за изградба на училиштето „Киро Глигоров" и за подзаемот за реконструкција на „Титовелешка" и градинката „Пепелашка".

Во Потпрограмата **Д00 – Градоначалник** планирани се расходи во износ од 9.802.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.627.661,00 денари, што претставува 77,8% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Во оваа Потпрограма опфатени се расходите за плата и за придонеси на градоначалникот, телефон, трошоци за испратнина при пензионирање на вработени во основните училишта и во детските градинки, надоместок во случај на смрт на вработени и членови на потесното семејство и плаќања за реализацијата на проектот „Сервис за стари лица".

Во Потпрограмата **Е00 – Општинска администрација** планирани се расходи во износ од 136.910.000,00 денари, а реализирани се во износ од 122.984.834,00 денари, што претставува 89,8% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на: плати и придонеси на вработените во Општината, комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон, регистрација на моторни возила), на ситен инвентар (средства за одржување хигиена, списанија и други изданија за користење од вработените, канцелариски материјали, ситен инвентар, материјали за поправки), поправки и тековно одржување (поправки и сервисирање на возила, поправки и одржување на компјутерска и друга опрема), договорни услуги (осигурување на недвижен имот и возила, правни услуги, судски такси, преведувачи, консултантски услуги), други тековни расходи (членарини во домашни организации - Здружение на единици на локална самоуправа, Скопски плански регион, учество на вработените на семинари и на конференции, за објавување огласи), трансфери до здруженија на граѓани, социјални надоместоци (помош за новороденчиња, социјална помош за граѓани), финансиска помош за пензионери.

Во Потпрограмата **ЕА0 – Капитални трошоци на Општината** планирани се расходи во износ од 6.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 5.791.485,00 денари, што претставува 96,5% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма. Расходите што се опфатени со оваа Потпрограма се однесуваат на: софтверско решение ГИС, набавка на антивирусни сервер клиент решенија; набавка на принтери, мултифункциски уреди и копир-апарати.

Во Потпрограмата **Ф10 – Урбанистичко планирање** планирани се расходи во износ од 10.250.000,00 денари, а реализирани се во износ од 1.864.587,00 денари, што претставува 18,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка на детални урбанистички планови, консултантски услуги (надоместок за учество во комисија за урбанизам) и објавување огласи.

Во Потпрограмата **Ф20 – Уредување на градежно земјиште** планирани се расходи во износ од 11.700.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.776.095,00

денари, што претставува 66,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на уривање на времени објекти, објавување огласи и ангажирање консултанти за испитување на квалитетот на воздух, вода и мерење на бучава.

Во Потпрограмата **ФА0 – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 30.900.000,00 денари, а реализирани се во износ од 24.969.776,00 денари, што претставува 80,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработката на основни проекти за реконструкција на инфраструктура, приклучок во дистрибутивна мрежа за реконструкција, изработка на геодетски елаборати и надоместок за одземен имот (експропријација).

Во Потпрограмата **Г10 – Поддршка на локалниот економски развој** планирани се расходи во износ од 1.760.000,00 денари, реализирани се во износ од 234.800,00 денари, а се однесуваат на кофинансирање на проектот „Центар за работа со талентирани ученици".

Во Потпрограмата **ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност** планирани се расходи во износ од 12.060.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 11.739.203,00 денари, што претставува 97,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на фасада на станбен објект на бул. „Илинден" бр. 81, финансиска поддршка за поправка и санација на постојни покривни конструкции и лифтови во станбени згради и субвенции за ТП „Енергија Центар".

Во Потпрограмата **Ј00 – Одржување на урбана опрема** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 1.394.955,00 денари, што претставува 46,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за санација и за одржување на урбана опрема.

Во Потпрограмата **Ј30 – Јавно осветлување** планирани се расходи во износ од 32.800.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 27.466.768,00 денари, што претставува 83,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на трошоци за потрошена енергија за улично осветлување и за негово одржување.

Во Потпрограмата **Ј40 – Јавна чистота** планирани се расходи во износ од 30.500.000,00 денари, реализирани се во износ од 29.531.384,00 денари, што претставува 96,8% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на исплата на плати за времено ангажираните работници задолжени за одржување на јавната чистота, за набавка на униформи, обувки и алат за работниците и за депонирање комунален отпад.

Во Потпрограмата **Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај** планирани се расходи во износ од 15.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 14.494.723,00 денари, што претставува 96,6% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за зимско одржување на улиците и за санација на ударни дупки.

Во Потпрограмата **Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило** планирани се расходи во износ од 4.050.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.843.898,00 денари, што претставува 70,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се однесуваат на одржување на системите за полевање на повеќе локации на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Ј80 – Други комунални услуги** планирани се расходи во износ од 500.000,00 денари, реализирани се во износ од 243.540,00 денари, што претставува 48,7%, а се однесуваат на дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територијата на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Ј90 – Одржување на простори за паркирање** планирани се расходи во износ од 10.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 10.000.000,00 денари, а се однесуваат на субвенционирање на ЈП „Паркинзи" на Општина Центар.

Во Потпрограмата **ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** планирани се расходи во износ од 19.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 15.216.074,00 денари, што претставува 80,1% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за хидротехнички услови, санација на плочникот кај Градски ѕид пред Зелен пазар, поплочување на локации на територија на Општината, бележење вертикална и хоризонтална сигнализација.

Во Потпрограмата **ЈДД – Реконструкција на улица „Аминта Трети" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 51.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 47.541.815,00 денари, што претставува 93,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на ул. „Аминта Трети".

Во Потпрограмата **ЈДИ – Реконструкција во населба Капиштец - улица „Козара" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 3.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 2.518.798,00 денари, што претставува 83,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на улица „Козара".

Во Потпрограмата **ЈКА – Набавка на комунални возила (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 7.180.000,00 денари, а реализирани се во износ од 7.176.930,00 денари, што претставува 99,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на набавка на три специјални комунални возила - метларки.

Во Потпрограмата **ЈМ0 – Паркови и зеленило (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 5.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 2.950.934,00 денари, што претставува 59% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на реконструкција на зеленило и замена на исушени дрворедни садници на повеќе локации на територија на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ЈН0 – Урбана опрема (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 5.000.000,00 денари, реализирани се во износ од 4.828.745,00 денари, што претставува 96,6% од вкупно планираните расходи за оваа Потпрограма, а се однесуваат на изработка и монтажа на клупи, канти за отпадоци, вертикални столпчиња, држачи за велосипеди и жардиниери.

Во Потпрограмата **К4 – Културни манифестации и творештва** планирани се расходи во износ од 4.640.000,00 денари, реализирани се во износ од 4.558.936,00 денари, што претставува 98,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на финансиска поддршка на Мешовитата установа од областа на културата „Културно социјален простор Центар-Јадро", за други проекти од областа на културата и за доделување стипендии на талентирани ученици во областа на културното творештво.

Во Потпрограмата **Л0 – Спорт и рекреација** планирани се расходи во износ од 17.575.000,00 денари, а реализирани се во износ од 17.256.187,00 денари, што претставува 98,2% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за финансирање на активностите на Кошаркарскиот клуб „Работнички", за финансирање на други спортски клубови и талентирани спортисти, за организација на спортски игри „Лига Центар" и за доделување спортски стипендии.

Во Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација (капитални трошоци)** планирани се расходи во износ од 5.000.000,00 денари, а реализирани се во износ од 3.877.952,00 денари, што претставува 77,5% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а искористени се за реконструкција и санација на спортски и детски игралишта на територија на Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **Р1 – Заштита на животната средина** планирани се расходи во износ од 6.800.000,00 денари, а реализирани се во износ од 5.808.289,00 денари, што претставува 85,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на расчистување на диви депонии, кофинансирање на проект „Изработка на техничка документација со ревизија и физибилити студија за изградба на Центар за собирање отпад и компостера, субвенционирање на велосипеди и тротинети, како и финансиско учество на Општина Центар во меѓуопштинска соработка со Град Скопје за финансирање на ЈП „Лајка".

Во Потпрограмата **Н10 – Основно образование** планирани се расходи во износ од 28.975.000,00 денари, реализирани се во износ од 23.565.957,00 денари, што претставува 81,3% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а се однесуваат на плаќање на обврските на училиштата за користење парно греење, електрична енергија, водовод; ѓубретарина; средства за хигиена; тековно одржување и обезбедување на објектите на училиштата; примарна здравствена заштита; контрола на санитарно-хигиенската состојба во училиштата; унапредување на оралното здравје кај ученици од социјален ризик; трошоци за лични асистенти; награди за наставници; стипендии за поддршка на млади таленти; поддршка на ученици за учество на меѓународни натпревари.

Во Потпрограмата **НА0 – Образование (капитални расходи)** планирани се расходи во износ од 9.500.000,00 денари, а реализирани се во износ од 3.211.103,00 денари, што претставува 33,8% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма. Овие средства се искористени за изработување проекти за реконструкција на училишни објекти; за набавка на информатичка опрема за училиштата; за адаптација на постојна училница во сензорна соба во ООУ „11 Октомври".

Во Потпрограмата **НАА – Реконструкција на основни училишта (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 27.000.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 25.346.410,00 денари, што претставува 93,9% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за реконструкција на основно училиште - доградба на училници во ООУ „Коле Неделковски".

Во Потпрограмата **В10 – Детски градинки** планирани се расходи во износ од 6.830.000,00 денари, реализирани се расходи во износ од 5.173.179,00 денари, што претставува 75,7% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, а овие средства се искористени за набавка на средства за хигиена; набавка на униформи и дидактички материјали во ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин"; финансиска поддршка на детските градинки за ангажирање дополнителен воспитен кадар (воспитувачки и негувателки) и награди за најдобри воспитувачки и негувателки во градинките во Општина Центар-Скопје.

Во Потпрограмата **ВАБ – Пренамена на објект во детска градинка (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 83.500.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 83.000.000,00 денари, што претставува 99,4% од вкупно планираните расходи во оваа Потпрограма, кои се искористени за изградба на новата детска градинка во населбата Пролет.

Во Потпрограмата **ВАЦ – Подобрување на енергетската ефикасност во детските градинки (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 10.800.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 10.785.605,00 денари, кои се искористени за реконструкција на фасадата и покривот на објектот „13 Ноември" - клон „Јасмин".

Во Потпрограмата **ВАД – Реконструкција на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" - објект „Пинокио" (развојна програма)** планирани се расходи во износ од 25.500.000,00 денари, а реализирани се расходи во износ од 24.386.609,00 денари, кои се искористени за санација на покривот, фасадата и на дел од објектот на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" - „Пинокио".

Во **Буџетот на самофинансирачки активности** на Општината од планираните расходи во износ од 55.050.000,00 денари, во периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година реализирани се 45.536.894,00 денари, што претставува 82,7% од планираните расходи. Расходите на самофинансирачките активности, всушност, се расходи на основните училишта и на детските градинки под надлежност

на Општината и се однесуваат на трошоци за комунални услуги (електрична енергија, гориво, парно, вода, ѓубретарина, пошта, телефон), средства за одржување хигиена, канцелариски материјали и наставни помагала, поправки и тековно одржување, договорни услуги, оперативни расходи. Тие се прикажани по основни намени во следнава табела:

| БУЏЕТ НА САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | | План | Реализација | % на реализација | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **49.171.000,00** | **40.462.119,00** | **82.28** | **88.86** |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 699.000,00 | 304.250,00 | 43.53 | 0.67 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ, ГРЕЕЊЕ, КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 5.276.000,00 | 4.738.479,00 | 89.81 | 10.41 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 25.320.000,00 | 20.924.148,00 | 82.64 | 45.95 |
| 424 | ПОПРАВКИ И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 9.328.000,00 | 8.006.481,00 | 85.83 | 17.58 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 4.047.000,00 | 3.028.559,00 | 74.83 | 6.65 |
| 426 | ДРУГИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 3.701.000,00 | 2.782.102,00 | 75.17 | 6.11 |
| 427 | ПРИВРЕМЕНИ ВРАБОТУВАЊА | 800.000,00 | 678.100,00 | 84.76 | 1.49 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **5.879.000,00** | **5.074.775,00** | **86.32** | **11.14** |
| 480 | КУПУВАЊЕ ОПРЕМА И МАШИНИ | 1.768.000,00 | 1.085.253,00 | 61.38 | 2.38 |
| 483 | КУПУВАЊЕ МЕБЕЛ | 4.098.000,00 | 3.989.522,00 | 97.35 | 8.76 |
| 485 | ВЛОЖУВАЊЕ И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 13.000,00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **55.050.000,00** | **45.536.894,00** | **82.72** | **100.00** |

Во **Буџетот на дотации** на Општината од планираните расходи во износ од 446.064.000,00 денари, во периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година реализирани се 442.632.730,00 денари, што претставува 99,2% од планираните расходи. За основното образование од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 285.921.000,00 денари реализирани се 284.206.560,00 денари, што претставува 99,40% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и придонеси за вработените во основното образование, за комунални услуги и други обврски на основните училишта на територија на Општина Центар-Скопје. За детските градинки од вкупно планираните расходи од дотациите во износ од 160.143.000,00 денари реализирани се 158.426.170,00 денари, што претставува 98,9% од планираните расходи. Средствата се потрошени за плати и за придонеси за вработените во детските градинки, за комунални услуги, поправки и тековно одржување, договорни услуги и други обврски на детските градинки на територија на Општина Центар-Скопје. Тие се прикажани по основни намени во следнава табела:

| БУЏЕТ НА ДОТАЦИИ | | План | Реализирано | % на реализ. | % на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати и надоместоци | 290.250.000,00 | 289.137.172,00 | 99.62 | 65.32 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 112.700.000,00 | 112.087.273,00 | 99.46 | 25.32 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 404 | Надоместоци | 7.850.000,00 | 7.540.000,00 | 96.05 | 1.70 |
| 420 | Патни и дневни расходи | 93.000,00 | 92.400,00 | 99.35 | 0.02 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 23.914.000,00 | 23.673.318,00 | 98.99 | 5.35 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 2.266.000,00 | 1.988.743,00 | 87.76 | 0.45 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 5.215.000,00 | 4.953.090,00 | 94.97 | 1.12 |
| 425 | Договорни услуги | 2.774.000,00 | 2.342.714,00 | 84.45 | 0.53 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.002.000,00 | 818.020,00 | 81.64 | 0.18 |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **446.064.000,00** | **442.632.730,00** | **99.23** | **100.00** |

Во **Буџетот на донации** реализирани се расходи во износ од 5.901.095,00 денари. Во рамките на овој буџет средствата се користат за реализација на донаторски проекти на Општината и на основните училишта под надлежност на Општината за реализација на проекти под покровителство на европски фондови со намена за унапредување на квалитетот во образованието. Тие се прикажани по основни намени во следнава табела:

| **БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ** | | **План** | **Реализирано** | **% на реализ.** | **% на учество** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **10.183.000,00** | **4.901.255,00** | **48,13** | **83,06** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 4.853.000,00 | 2.997.581,00 | 61,77 | **50,80** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 56.000,00 | 0.00 | - | - |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 469.000,00 | 6.794,00 | 1,45 | 0,12 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 600.000,00 | 0.00 | - | - |
| 425 | Договорни услуги | 2.760.000,00 | 911.332,00 | 33,02 | 15,44 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.445.000,00 | 985.548,00 | 68,20 | 16,70 |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.059.000,00** | **999.840,00** | **32,69** | **16,94** |
| 480 | Купување опрема и машини | 2.000.000,00 | 999.840,00 | 49,99 | 16,94 |
| 483 | Купување мебел | 1.059.000,00 | 0.00 | - | - |
| | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **13.242.000,00** | **5.901.095,00** | **44.56** | **100.00** |

Во **Буџетот на кредити** за 2023 година не се реализирани расходи.

При изготвувањето на Завршната сметка на Општина Центар-Скопје за 2023 година постапено е во согласност со насоките од Министерството за финансии, Сектор за буџет и фондови на Република Северна Македонија, дадени со Известување бр. 08-3170/1 од 19.2.2024 година.

# II. ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИНВЕСТИЦИСКИТЕ ПРОГРАМИ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК-ДОТАЦИИТЕ

### 1. Реализација на инвестициските програми

Во текот на 2023 година, во согласност со донесените програми од Советот, Општина Центар-Скопје реализираше повеќе инвестициски работи.

- По Програма Ф, Потпрограма **ФА – Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **24.969.776,00 денари** и тоа:

- Надоместок за одземен имот (експропријација) за пристапна улица Новопланирана 1 на ул. Железничка и ул. Тодор Александров бр. 77 во вкупен износ од 23.235.797,00 денари;
- Изработен е основен проект за реконструкција на коловоз, тротоари и инфраструктурна мрежа за ул. Тодор Александров во износ од 1.405.970,00 денари;
- Приклучување во дистрибутивната мрежа поради реконструкција на ул. Ленинова во износ 185.518,00 денари;
- Изработени се геодетски елаборати во износ од 142.491,00 денари.

- Најзначајните капитални вложувања на Општина Центар во 2023 година по **Програмата за комунални дејности** се наменети за реализација на следниве потпрограми:

Во рамките на Потпрограмата **ЈД – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици** изведени се најголемите капитални инвестиции за 2023 година во вкупна вредност од **65.276.687,00 денари** и тоа:

- Изведена е реконструкција на улици во вкупна вредност од 49.976.370,00 денари, и тоа за:
    - Реконструкција на ул. Аминта Трети како дел од Планот на програми за развој во износ од 47.458.481,00 денари;
    - Реконструкција на ул. Козара како дел од Планот на програми за развој во износ од 2.517.889,00 денари;

- Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 пред Зелен пазар во износ од 5.196.863,00 денари;
- Поплочување на локации во Буњаковец, Дебар Маало, Мал Ринг, Пролет, Долно Водно и во основните училишта „Кирил и Методиј" и „Ј.Х.Песталоци" во износ од 5.592.762,00 денари;
- Изградба на водоводна мрежа ул. Пролет и за приклучок за фекална канализација на ул. Шумадиска во износ од 2.600.000,00 денари;

- Поставување хоризонтална сообраќајна сигнализација и изведба и одржување на вертикална сообраќајна сигнализација во износ од 1.733.862,00 денари;
- За сите изведени активности по оваа Потпрограма извршен е надзор во вкупен износ од 122.646,00 денари;
- Изготвување хидротехнички услови и геодетски подлоги.

Во рамките на Потпрограмата **ЈК – Капитални расходи за јавна чистота** во текот на 2023 година извршена е исплата за набавени три специјални комунални возила - метларки (отплатата е на 24 месечни рати - во 2023 година платени се девет рати) во вредност од **7.176.930,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈМ – Паркови и зеленило** (капитални расходи) во текот на 2023 година изведена е реконструкција на зелени површини на улиците Ленинова, Ристо Шишков, Рајко Жинзифов, Орце Николов, бул. ВМРО кај Тинекс, ул. Дебарца и садење грмушки на ул. Рузвелтова и во Капиштец во вредност од **2.950.934,00 денари**.

Во рамките на Потпрограмата **ЈН – Урбана опрема** (капитални расходи) во текот на 2022 година набавени и монтирани се клупи, канти за отпадоци, држачи за велосипеди и жардиниери во вредност од **4.828.745,00 денари**.

По Потпрограмата **ГД – Други комунални услуги** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **11.739.203,00 денари** од кои:

- за реконструкција на фасада на бул. Илинден бр. 81 потрошени се 6.881.442,00 денари;
- за финансиска поддршка за поправка и санација на постојни кровови и лифтови во станбени згради потрошени се 1.857.761,00 денари;
- за субвенции за ТП „Енергија Центар" потрошени се 3.000.000,00 денари.

По Потпрограмата **ЛА – Спорт и рекреација** (капитални расходи) реализирани се активности во вкупна вредност од **3.877.952,00 денари** за реконструкција на детски игралишта на територија на Општина Центар-Скопје.

По Потпрограмата **ЕА – Капитални трошоци на Општината** реализирани се капитални инвестиции во вкупна вредност од **5.791.485,00 денари**, а се однесуваат на: набавка на нова ИТ-опрема, како и за превентивно и адаптивно одржување на ГИС софтвер и внесување ДУП во дата база и набавка на антивирусни сервер клиент решенија.

- Во 2023 година Општина Центар-Скопје реализираше капитални инвестиции во износ од **28.557.513,00 денари** во **основните училишта** и тоа:
  - 1.991.851,00 денари за набавка на 14 персонални компјутери, и 19 смарт табли, 19 проектори, 19 HDMI кабли и 19 тавански држачи за основните училишта на територија на Општина Центар-Скопје;
  - 1.374.145,00 денари за изработка на проекти и ревизија на основни проекти за реконструкција на основни училишта;
  - 24.815.423,00 денари за доградба на училници во ООУ „Коле Неделковски";

- 290.735,00 денари за адаптација на постојна училница во сензорна соба во ООУ „11 Октомври";
- 77.359,00 денари за извршен стручен надзор над изведените работи по оваа Потпрограма.

➢ Во **детските градинки** во 2023 година изведени се капитални инвестиции во вкупна вредност од **118.172.214,00 денари**, од кои:
  - 82.500.000,00 денари за изградба на новата детска градинка во населба Пролет;
  - 24.386.612,00 денари за санација на покривот, фасадата и дел од објектот на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" - објект „Пинокио";
  - 10.768.867,00 денари за реконструкција на фасадата и покривот на ЈУДГ „13 Ноември" - објект „Јасмин".

## 2. Реализација на блок-дотациите

**Блок-дотациите** од Буџетот на Република Северна Македонија со кои Општина Центар-Скопје ги финансира своите надлежности во социјалната и во детската заштита и во образованието за 2023 година изнесуваа вкупно **444.152.655,00 денари**, од кои 284.939.000,00 денари беа наменети за финансирање на надлежноста основно образование и 159.213.655,00 денари за финансирање на надлежноста детска заштита.

➢ Блок-дотацијата наменета за **основно образование** беше распределена по видови расходи и тоа: **272.429.195,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **11.777.365,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по училишта се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ООУ „Коле Неделковски" реализирани се трошоци во износ од 1.544.000,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Ј.Х. Песталоци" реализирани се трошоци во износ од 1.756.280,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 1.50.241,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Гоце Делчев" реализирани се трошоци во износ од 865.334,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „11 Октомври" реализирани се трошоци во износ од 1.582.894,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Димитар Миладинов" реализирани се трошоци во износ од 1.623.257,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Кирил и Методиј" реализирани се трошоци во износ од 1.013.359,00 денари;
- За тековно одржување на ООУ „Киро Глигоров" реализирани се трошоци во износ од 2.042.000,00 денари.

- Блок-дотацијата наменета за **детските градинки** беше распределена по видови расходи и тоа: **136.335.250,00 денари** за плати и надоместоци за вработените и **22.090.920,00 денари** за тековно-оперативни трошоци.
  Реализацијата на блок-дотацијата за тековно-оперативните расходи по градинки се одвиваше на следниов начин:

- За тековно одржување на ЈУДГ „Р.Ј.Корчагин" реализирани се трошоци во износ од 4.608.781,00 денари;
- За тековно одржување на ЈУДГ „Кочо Рацин" реализирани се трошоци во износ од 8.832.497,00 денари;
- За тековно одржување на ЈУДГ „13 Ноември" реализирани се трошоци во износ од 8.649.642,00 денари.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### ПОБАРУВАЊА

Во 2023 година во сметководствената евиденција на Општина Центар-Скопје се прокнижени и потврдени побарувања врз повеќе основи и тоа: побарувања врз основа на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни и од физички лица, побарувања од закупнини, побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување урбана опрема, побарувања од данок на имот на физички и на правни лица, побарување за комунална такса за фирма, побарување по основа на комунална такса за паркирање и други што имаат учество во приходите што ги остварува Општина Центар-Скопје.

Состојба на средствата и изворите на средствата на 31.12.2023 година е следна:

| | | Редовни | Спорни и сомнителни побарувања |
|---|---|---|---|
| 1. | Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште | 7.762.525,00 | 4.225.645,00 |
| 2. | Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп – ВиСлА | 6.103,00 | 121.093,00 |
| 3. | Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување урбана опрема | 5.990.003,00 | 15.064.003,00 |
| 4. | Побарувања по основа на данок на имот за физички лица | 83.692.931,00 | - |
| 5. | Побарувања по основа на данок на имот за правни лица | 93.992.788,00 | - |
| 6. | Побарувања по основа на комунална такса за истакнување фирма, односно деловна просторија | 48.692.109,00 | - |
| 7. | Побарувања по основа на комунална такса за паркирање | 16.939.647,00 | |
| 8. | Побарувања по основа на легализација на објекти | 82.260,00 | |
| 9. | Побарувања по основа на судски и извршни исправи – сторнов | 45.877,00 | |
| Вкупни побарувања | | 257.204.243,00 | 19.410.741,00 |
| ВКУПНО ПОБАРУВАЊА | | 276.614.984,00 | |

- **Побарувања по основа на надоместок за уредување на градежно земјиште**

Побарувањата во износ од 7.762.525,00 денари се побарувања од правни и од физички лица со кои Општина Центар-Скопје има склучено договори за плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати. Износот од 4.225.645,00 денари се спорни и сомнителни побарувања од претходни години.

- **Побарувања по основа на даден деловен простор под закуп**

Општина Центар-Скопје им издава деловен простор под закуп на правни лица што изразиле интерес за најмување простор во согласност со нивните деловни потреби. За таа намена Општината има склучено договори за закуп за кои Секторот за финансиски прашања доставува фактури до закупците на месечна основа. Во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2023 година евидентирани се редовни побарувања од закуп на деловен простор во износ од 6.103,00 денари и 121.093,00 денари од спорни и сомнителни побарувања.

- **Побарувања по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување урбана опрема**

Побарувањата по основа на присилно административно извршување - уривање дивоградби и отстранување урбана опрема заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 5.990.003,00 денари и 15.064.003,00 денари од спорни и сомнителни побарувања. Спорните и сомнителните побарувања по оваа основа се пренесени од претходните години и за поголем дел од нив се води судска постапка за наплата.

- **Побарувања по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма**

Побарувањата по основа на данок на имот од физички и од правни лица и комунална такса за фирма се делат меѓу Општината и Град Скопје и нив ги администрира Град Скопје. Според добиениот преглед за заеднички побарувања од Град Скопје, побарувањата по основа на данок на имот од физички лица изнесуваат 83.692.931,00 денари, побарувањата за данок на имот од правни лица изнесуваат 93.992.788,00 денари и побарувањата по основа на комунална такса за фирма изнесуваат 48.692.109,00 денари.

- **Побарувања по основа на комунална такса за паркирање**

Општина Центар-Скопје и Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје склучија Договор за регулирање на начинот на исплата на вкупниот долгуван износ по основа на неплатена комунална такса за користење на просторот за паркирање на патнички моторни возила на територијата на Општина Центар. Побарувањата по основа на комунална такса за паркирање изнесуваат 16.939.647,00 денари.

- **Побарувања по основа на легализација на објекти**

Побарувањата по основа на легализација на објекти заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 82.260,00 денари.

- **Побарувања по основа на судски и извршни исправи**

Побарувањата по основа на судски и извршни исправи заклучно со 31.12.2023 година изнесуваат 45.877,00 денари.

**ОБВРСКИ**

На 31.12.2023 година во сметководството на Општина Центар-Скопје евидентирани се неплатени обврски по фактури и времени ситуации на разни доверители за извршени тековни и инвестициски активности. Вкупниот износ на неплатените обврски изнесуваат 154.994.445,00 денари.

| | **Обврски** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1. | Обврски кон набавувачи | 8.523.175,00 |
| 2. | Обврски по основа на неисплатена плата за декември 2023 година на редовно вработени лица | 5.838.314,00 |
| 3. | Обврски по основа на главнина од кредит | 140.632.956,00 |
| **Вкупно обврски** | | **154.994.445,00 ден.** |

- **Обврски кон набавувачите**

Тука спаѓаат сите тековни и капитални обврски. Тековно-оперативните обврски се настанати од редовното работење на Општината. Тие ги сочинуваат обврските по основа на неплатени фактури за комунални услуги, како електрична енергија и јавно осветлување, телефонија, канцелариски материјал, членарини и сл. Капиталните обврски се обврски кон набавувачите за започнати или за завршени капитални инвестиции.

- **Обврски по основа на неисплатена плата**

Бруто-платата на редовно вработените во Општината за декември 2023 година во износ од 5.838.314,00 денари.

- **Обврски по основа на главнина од кредит**

Долгорочните обврски по основа на заем, кредит на Општина Центар со состојба на 31.12.2023 година, евидентирани се на вкупен износ од 140.632.956,00 денари и тоа кон: Комерцијална банка во износ од 112.956.581,00 денари кредит за изградба на ООУ „Киро Глигоров" и обврски по долгорочен заем одобрен од Светска банка, подзаем од Министерството за финансии за проектот Реконструкција на водоводот на ул. „Титовелешка" и реконструкција на детската градинка „Пепелашка" на износ од 27.676.375,00 денари.

## IV. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТСКИТЕ РЕЗЕРВИ ЗА 2023 ГОДИНА

Во согласност со одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2023 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва одлучува градоначалникот. Во 2023 година реализираните средства од резервите се во вкупен износ од 596.666,00 денари.

| Ред. бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Во согласност со Одлуката донесена од Советот на Општина Центар-Скопје бр. 08-775/2 од 9.2.2023 година одобрена е парична помош за настраданите од земјотресот во Република Турција и Сирија. | 500.000,00 |
| 2. | Во согласност со Решението на градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-94/2 од 4.4.2023 година одобрени ѝ се парични средства на Дрита Исени поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 33.333,00 |
| 3. | Во согласност со Решението на градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-1765/2 од 4.4.2023 година одобрени ѝ се парични средства на Снежана Стојчевска поради лекување (вклучително и персонален данок на доход). | 33.333,00 |
| 4. | Во согласност со Решението на градоначалникот на Општина Центар-Скопје бр. 09-4968/2 од 8.11.2023 година одобрена е финансиска помош за Здружение на слепи и лица со оштетен вид за реализација на активности поврзани со меѓународен шаховски турнир. | 30.000,00 |
| | **Вкупно исплатени средства** | **596.666,00** |

## V. СОСТОЈБА НА ЖИРО-СМЕТКИ ЗАКЛУЧНО СО 31.12.2023 ГОДИНА

| Р.Бр. | Сметка | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Состојба на сметка на Буџет на Општина Центар-Скопје | 118.015.959,00 ден. |
| 2. | Состојба на донаторската сметка за проектот "Општина по мерка на граѓаните" | 238.149,00 ден. |
| 3. | Состојба на донаторската сметка за енергетска ефикасност за ООУ "Димитар Миладинов"-Скопје | 1.098.589,00 ден. |
| 4. | Состојба на донаторската сметка за набавка на опрема за одржување на патишта и зеленило | 50.000,00 ден. |
| 5. | Состојба на сметката за трансфери до ОИК | 0,00ден. |
| 6. | Состојба на сметката за проектот "Општинско-корисна работа" | 72.000,00 ден. |
| 7. | Состојба на сметката за трансфери од Агенцијата за државни патишта | 0,00ден. |
| 8. | Состојба на сметката за блок-дотации | 3.440.682,00ден. |
| 9. | Состојба на сметка Центар- Орган на Општината | 0,00ден. |
| 10. | Состојба на сметка за реконструкција на спортска сала "Работнички"-Општина Центар | 30.000.000,00ден. |
| 11. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Дебарца"-Општина Центар | 18.635.000,00ден. |
| 12. | Состојба на сметка за реконструкција на Ул. "Светозар Марковиќ" - Општина Центар | 22.765.000,00ден. |
| 13. | Состојба на сметка за просторно, хортикултурно и партерно уредување- Општина Центар | 24.780.000,00ден. |
| 14. | Состојба на сметка -"Проект Еразмус" | 80.347,00ден. |
| **ВКУПНО** | | **219.175.726,00ден.** |

## VI. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРЕН СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Центар-Скопје се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходи и други видови приливи, за расходите и за другите одливи.

Податоците во годишната (завршна сметка ) на Општина Центар-Скопје за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи.

Во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Центар-Скопје.